Врз основа на член 15, став1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник" на РМ бр.55/04 и 158/11), член22, став1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник" на РМ бр.5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Развојот за 2026 година, дел II точка Проектни активности, точка 6. Субвенционирање на купување на нови велосипеди трицикли и карго велосипеди, (" Службен Гласник" - Општина Карпош бр. 23/2025)

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување на нови велосипеди, трицикли и карго велосипеди**

Општина Карпош од 23.03.2026 година започнува со спроведување на акцијата со која ќе се субвенционира 30 % од цената на купување на нов велосипед, или во максимален финансиски износ најмногу до 5.000,00 денари. Право на субвенционирање во оваа акција ќе има секој полнолетен жител на Општина Карпош, кој ќе купи нов велосипед, трицикл или карго велосипеди започнувајќи од денот на објавување на повикот . Потребни документи за аплицирање се:

-Барање за субвенција за купување на велосипеди трицикли и карго велосипеди

-Изјава за согласност за обработка на лични податоци,

-Лична карта (фотокопија)

-Трансакциска сметка, (фотокопија)

- Фискална сметка за купен велосипед, трицикл или карго велосипед, кој е купен не порано од 23.03.2026.

- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција во тековната година и добиле средства по истата од Град Скопје, немаат право да учествуваат по огласот.

Барањата со комплетна документација ќе се доставуваат до архивата на Општина Карпош ул.Никола Русински бр.11. По поднесувањето на документите, подносителите во писмена форма ќе бидат известени дали ќе бидат корисници на предвидените средства за субвенција за купување на нов велосипед, трицикл и карго велосипеди.

Оваа акција ќе трае до исцрпување на средствата, а ќе важи принципот „ прв дојден, прв услужен“.

Правото на субвенција е еднократно.

За сите дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат кај координаторот на проектот Марко Петрушевски

Телефон за контакт: 078/486-063

**ОПШТИНА КАРПОШ**